РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
Бр 01-381/1
17.08 20 18 год.
СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Скопје, август 2018 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во *Агенцијата за управување со одземен имот***

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во *Агенцијата за управување со одземен имот* со арх.бр. *01-4470/2 од 07.10.2015, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр. 01-4470/5 од 13.11.2015, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр.01-503/1 од 23.02.2016 и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот со арх.бр. 01-503/4 од 04.04.2016)* и тоа:

Во Глава II ,,РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ" во членовите 7, 8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивото Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2(B2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ и
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1(B1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.
- За сите нивоа на категорија - В и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.
- За сите нивоа на категорија - Г и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно БУЛАТС или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

**Член 2**

Во Глава II „РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ" во членовите 7, 8 и 9 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административни управување (кај сите нивоа од категоријата - Б).

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Архивски бр.01-3817/1
Датум 17.08.2018

Директор
Фатон Асани

Република Македонија Агенција за управување со одземен имот Скопје